**ЗАПИСНИК**

**од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.09.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Арбен Саити, Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнаковска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2016 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување, на локално ниво.
3. Предлог-одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Ајдини, го усвои Записникот од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.09.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, образложи дека до Агенцијата беше доставено Барање за објавување на јавен конкурс за доделување една дозвола за радио емитување, на локално ниво. Следниот чекор беше изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола, од аспект на исполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката. Потсети дека Студијата членовите ја имаат добиено како дел од материјалот по точката. Заклучоците од Студијата беа дека има оправданост да се објави јавен конкурс на наведеното подрачје, на албански јазик. Следниот чекор кој треба да се спроведе, е да се објави Одлука и истата е предложена на седницата.

Г-дин Ајдини, објасни дека до Агенцијата има доставено писмо со намера, Барање за доделување дозвола за радио на локално ниво во општина Куманово, на албански јазик. Од АЕК има одговор дека има слободна фреквенција. Во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, при оценувањето на пријавите, се предвидува да се бодуваат, да се земат предвид темите и настаните од локален карактер. Во Студијата се земени два аспекта, првата исполнување на целите од Законот и вториот потребите на публиката. Бидејќи самиот тој доаѓа токму од тој регион, цени дека има потреба затоа што моментално во Куманово има само едно радио кое произведува програма на албански јазик. Смета дека и те како е потребно да се додели уште една радио дозвола на албански јазик. Затоа ќе го поддржи овој предлог.

Г-дин Трајчевски, праша во која ставка од Одлуката е ставен делот за надоместокот кој субјектите треба да го уплатат при подигање на Конкурсната документација и образецот – Пријавата?

Заменик на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, одговори дека тоа е ставено во точка 9 од Одлуката и дека при подигање на документацијата се плаќа надоместок во износ од 50.000,00 (педесетилјади) денари на жиро сметката на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-453 од 06.09.2016 година и едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно - музичко радио со претежно информативен општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 97.6 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи Предлог-одлуката со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-447/1 од 05.09.2016 година и едногласно донесе Одлука со која се

дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, со текст како што беше предложена.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, со кој ќе го задолжи, по извршената промена до Агенцијата да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**
**Разно**

Немаше точки под Разно

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр.02-4303/4**
**13.09.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**